„Одбележувањето на Европската година на развојна помош е отворена покана на Европа до светот за заедничка рефлексија за тоа како политиките, партнерствата и ресурсите на ЕУ можат најдобро да бидат искористени за да поддржат глобален развој, целосно искоренување на сиромаштијата,  и поставување на планетата на одржлив, инклузивен и просперитетен пат“ изјави комесарот за меѓународна соработка и развој на ЕУ, Невен Мимика, за време на Европски денови на развојна помош што ги организираше Европската комисија на 15 и 16 јуни во Брисел. Фокусот на настанот беше на Одржливите развојни цели на Обединетите Нации и обезбедувањето на нивна успешна реализација до 2030 година.



На настанот учествуваа преку 6000 учесници од 150 земји кои работат на глобална развојна помош и соработка, светски лидери, млади лидери и бројни говорници, ГО и меѓународни организации. Настанот опфати преку 500 говорници и проминентни одлучувачи, вклучително и меѓународни организации. На учесниците им се обрати Бан Ки-мун, генералниот секретар на Обединетите Нации, Џим Јонг Ким, претседателот на групацијата на Светска Банка, Фумзиле Мламбо - Нгчука, извршната директорка за женски прашања на ОН и бројни претседатели на земји: Кенија, Маурициус, Буркина Фасо, Централноафриканска Република, Самоа, Етиопија, Тимор-Лесте и други.

На 13 и 14 јуни 2016 година, во Брисел, се одржа и Годишното собрание на мрежата Конкорд-Европа каде главната тема беше се постеснетиот граѓански простор во Европа во услови на криза и улогата на Конкорд. Клучните прашања беа како да се создаде простор за граѓанските организации; како да се предизвика економската парадигма? Како да се овозможи родова еднаквост во рамки на организациите? Како да се биде инклузивен?


eudevdays.eu
Brussels, 15-16 June 2016


CONCORD